Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Министерство за транспорт и врски на ден 26.08.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, општина Свети Николе, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички план за вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, општина Свети Николе, се определуваат: општина Свети Николе, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија“, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. За планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, општина Свети Николе, за чија изработка е одговорна Агенцијата за планирање на просторот-Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, општина Свети Николе ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени, влијанија врз квалитет на површински и подземни води, влијанија врз почви, влијанија поврзани со управување со отпад, влијанија од бучава, вибрации, нејонизирачко зрачење, влијанија врз биолошка разновидност и природно наследство, влијанија врз предел, влијанија врз материјални добра, влијанија врз културно и историско наследство, влијанија од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на адреса: www.mtc.gov.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 24-7407/2

Скопје

МИНИСТЕР
Горан Сугарески